Тодор ТРАЈАНОВСКИ

# КОН ПРАШАЊЕТО ЗА ТЕМАТСКОТО ПОВТОРУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ МАТЕРИЈАЛ ПО ИСТОРИЈА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

## (По повод на едно тестирање во V-тите и VI-тите одделенија)

Остварувањето на поставените образовно-воспитни задачи на наставата по историја не зависи само од тоа што наставникот треба суверено да владее со историскиот материјал, научно и марксистички да го презентира пред учениците, користејќи при тоа разновидни наставни методи и форми, како и современи наставни средства, туку и од начинот на наставната работа за повторувањето, односно систематизирањето и генерализирањето на наставниот материјал. Ова посебно е важно што секое знаење е подложно на заборавањето. Според тоа, тоа е една мошне значајна карика во процесот на стекнувањето на знаењата. Повторувањето има двојна функција. Во едниот случај тоа служи како средство за запомнување на наставниот материјал, тоа е составен дел на учењето, а во вториот е борба против заборавањето, примена на наставниот принцип на трајноста на знаењата.

Меѓутоа, еден од големите недостатоци кај некои наставници при обработката на наставниот материјал се состои во тоа што истите не му обрнуваат доволно внимание на повторувањето на обработениот наставен материјал, како и во неправилното организирање и изведувањето на овие видови наставни часови. Всушност, едни од најтешките типови на наставните часови се заправо овие и следствено на тоа несоодветно се изведуваат. Често пати, на ваквите часови, наставникот не презентира ништо ново и затоа на нив не постои некое посебно интересирање меѓу учениците. Од друга страна, часовите за повторување се мошне корисни и тие можат да станат многу интересни. Тајната на ваквиот интерес се состои во тоа што на овие часови постои можност на нов начин да се третира обработениот наставен материјал, истиот да се прикажува не парцијално, туку во цврста поврзаност, прикажувајќи ги вза-

емните влијанија и причинско-последичните врски и односи на определено тематско подрачје, со што низ дадениот наставен процес, новите елементи сами се откриваат. На тој начин пред очите на учениците се окрива историскиот процес во својата целовитост, така што новооткриените сознанија во обработениот наставен материјал ја подзасилуваат љубопитноста кај учениците, а овие часови стануваат не само интересни туку и барани.

Повторувањето на еднаш обработениот наставен материјал треба да се одвива постапно и организирано во текот на целата наставна година. Одбележуваме некои претпоставки за успешното остварување на поставените цели и задачи во наставата по историја. Имено, уште при изработувањето на годишното глобално планирање на наставната работа, наставникот треба да предвиди и часови за повторување на наставниот материјал. Исто така, од посебно значење е и солидната подготовка за секој час на кој се врши повторувањето. Во таа смисла треба да се одредат темите со содржините за повторување, да се направат тези по кои ќе се одвива повторувањето, на што треба да се обрне посебно внимание, да се одредат методите, средствата и формите за наставна работа, текстовите што дополнително ќе се користат, како, како ќе изгледа планот на таблата и слично. Од друга страна, за да бидат учениците подготвени за час, треба претходно, како домашна задача, да им се кажува што да повторат, на што посебно да се задржат и како ќе го користат времето за повторување и др. Ако е во прашање повторување на повеќе содржини од едно тематско подрачје, или поголема партија, период и сл., пожелно е да им се определи временски срок за повторување, односно да им се препорачува да си го распоредат времето, така што постепено да го повторуваат материјалот во неколку дена, а не во последниот ден пред часот што е закажан за повторување. Освен тоа наставникот треба на конкретен начин да ги упати учениците како да го повторуваат обработениот наставен материјал.

Покрај реченото при планирањето и организирањето на овие видови часови, треба да се сообразуваме и со одредени фундаментални дидактички поставки, коишто се обележани во експликативниот дел на наставните програми, во случајов — по историја.

На пример, во V одделение во процесот на наставата, особено внимание треба да се обрне на следниве моменти:

— Од темата „Праисторија" од битно значење е како се сфатени појавите и односите сврзани со издвојувањето на човекот од животинскиот свет, постанокот на родовските заедници и животот во нив, начинот на производството, потоа,

постанокот на економската и социјалната нееднаквост, како и на појавата на класите и државата.

— Од темата „Робовладетелско општество" неколку битни моменти се значајни и тоа: од тематското подрачје — „Старите источни народи" основно е прашањето за развојот и издигнувањето на државите со аграрно стопанство по примерот на Египет, додека од државите со градско стопанство, преку тематските подрачја „Стара Грција", „Античка Македонија" и „Стариот Рим", воглавно како се обработени и сфатени основните предуслови сврзани со географската средина, природните услови, каде истите настанале, за карактерот на стопанството, за најзначајните научни и културни дострели.

Ваквото истакнување на основните програмски барања нè упатуваат, учениците да ги сфаќаат взаемноста, поврзаноста и условеноста на политичките облици и културната надградба врз определениот начин на производството, односно на производните односи. Со други зборови, тоа создава можност да дојдат до израз оние елементи кои ги обележуваат развојните политички текови и стопанството засновано врз робовскиот труд, како и запознавањето со културните придобивки на антиката нивната обусловеност и др.

И во VI одделение, запознавањето со елементарните основи на феудалниот општествено-економски систем, како законит процес во развитокот на човечкото општество треба да зафаќа посебно место. Воедно учениците треба да се запознаваат и со најважните моменти на нашата национална историја и пошироко на историјата на југословенските народи и народности. Имено, во ова одделение за првпат и во специфичен облик се јавува и проблемот на синхронизирана обработка на општата, националната историја односно историјата на југословенските народи и народности.

Кога е определивме на разгледување прашањето на тематското повторување, ние се раководевме и од определени состојби на ученичките знаења, добиени преку нивно тестирање. Тестирањето е извршено во V и VI одделение на основните училишта во учебната 1981/82 и 1982/83 година.

Во обата случаи тестирањето е извршено во определени градски, приградски и лесни населби на подрачјето на општините — основачи на Заводот за унапредувањето на образованието и воспитувањето со седиште во Охрид.

Тестот во V одделение опфаќаше 25 прашања, од кои во воведниот дел со едно прашање од темата „Предисторија" — 5, од темата „Старите источни народи" — 3, од темата „Стара Грција" — 5, од темата „Стара македонска држава" — 1, од темата „Стариот Рим" — 7 прашања. Три прашања беа поставени за да се согледа каузалитетот на историските процеси.

Тестот за VI одделение, имаше исто така 25 прашања. Прашања кои се однесуваа на минатогодишниот наставен материјал беа две, од темата „Ран феудализам" — 9, додека од партијата „Стари Словени — Населување на Јужните Словени на Балканскиот Полуостров" — 14 прашања.

Сметаме дека со својата одмереност прашањата беа добро формулирани и конкретизирани. Особено поволно беше што преку тестот не се испитуваше фактографијата, туку некои посложни облици на историското мислење, за да се согледа какво е разбирањето на причинско-последичните врски и местото на одделни историски настани, сместени во времето и просторот.

Согледувајќи ги остварените резултати од анкетата, доаѓаме до сознание дека ученичките знаења, во одредена мера не беа на она рамниште, на кое би требало да бидат. Во оваа смисла, определените недостатоци се појавувале во следново:

— Недоволно се свртува внимание на сфаќањето на суштинските процеси и белези од општествено-економски карактер, односно за општествените односи во рамките на една општествено-економска формација. Имаше дури и негативни одговори и за одделни основни прашања, кои би требало секако да се знаат, меѓу кои и такви од кои се заклучува дека некои ученици не беа сигурни дури и во поглед определувањето на основните класи во робовладетелското и фудалното општество.

Освен тоа резултатите од тестот укажуваат дека во текот на наставниот процес, во недоволна мера се свртува внимание и на откривање на причините и последиците и каузалноста на историските настани, процеси . . ., на развивање историското мислење, посебно на воочување прогресивниот ôд на човечкото општество.

Исто така низ анализата на одделни одговори може да се констатира дека толкувањето на определени историски поими и категории е или погрешно или одбегнато. (На пример, се чини дека поимите робовладетел, роб феудалец или закрепостен селанец, не се добро објаснети.)

Од одделни одговори се воочува дека и во поглед на периодизацијата учениците не се снаоѓаат најсреќно. Не се определува и времето на траењето, на премер, на феудалното општество или ориентација во времето на некои крупни историски настани, периоди или процеси.

Овие се само дел од ученичките одговори кои со своите карактеристичности нè упатуваат на констатацијата дека наставникот со својот однос кон наставната работа треба да делува во правец на остварување на квалитетни резултати во наставно-образовниот процес. Но, секако, тоа не значи дека состојбата на наставата по историја во основните училишта е сосем неповолна. Независно од тоа, во процесот на наставно

-образовната работа се чувствува одредена динамика за реализирање на програмските цели и задачи, меѓутоа, по прашањето на примената на соодветните форми, методи и средства, како би се постигнале уште подобри резултати, — постои неизедначеност, и несистемност.

Во смисла на овие наспомнувања, како една од значајните облици на наставната работа, која како да е запоставена е и систематското повторување, утврдување на обработениот материјал, а пред сè т е м а т с к о т о повторување или часови за анализа, за обопштување. Имено, и тие се една од значајните претпоставки за успешна настава и постигнување на квалитетни резултати во образовниот процес. Ова се постигнува, како со добро организираните часови за основна обработка на наставниот материјал, така и со солидното организирање и реализирање на часовите за повторување.

Во врска со наспомнатите податоци за знаењата на учениците по историја, сметаме дека една од причините за тоа лежи и во поставување на одбележаната форма на наставната работа, посебно на тематското повторување. Имено, во дел од основните училишта станала практика повторувањето на наставниот материјал по дотичниот предмет да се врши обично по обработените две до три наставни теми, и тоа според распоредот на лекциите во учебникот, а не според годишниот план за наставна работа. Меѓутоа, повторувањето кое се обавува исклучиво на овој начин, и коешто може уште да се нарече и повторување „на парче", не обезбедува целосно согледување на органската и логичната поврзаност на историските појави, процеси, настани како и нивната взаемност (условеност) и сл. Од друга страна, пак, посебно грешат и оние наставници коишто основната обработка на наставниот материјал ја вршат без „прекин", неколку недели, дури и по месец, дури и два (?!), за потоа да преминат на повторување на изминатото градиво. Сигурно е дека тие се оглушуваат и од основните психолошки закони и од принципите на современата дидактика. Зашто, меѓу другото, од таквата работа, може да има само привидно и краткотрајно знаење.

Наспроти тоа што овој вид наставни часови се доста сложени и тешки за изведување, некои наставници не им приоѓаат со потребно внимание при нивната организација.

Затоа, за успешно совладување на наставниот материјал и за трајноста на знаењата од битно значење е и практикувањето и организацијата на часовите за тематско повторување, под кое подразбираме повторување на такви логички и дидактички целини кои опфаќаат пошироки, поглобални, покапитални наставни содржини.

Потсетувајќи дека наставниот материјал треба да се повторува систематизирано, на повеќе наврати — перманентно, и во определени временски интервали ако се сака да обезбедиме цврсти и трајни знаења, дека при планирањето и изведувањето на часовите за повторување, посебно оние со определени (тематски) содржини или заокружени логички целини, тоа го илустрираме со примерот на повторување на темата „Ран феудализам". Според познатиот автор за прирачникот „Настава повијести у теорији и пракси" (Марија Врбетиќ), вакviот час за анализа на раниот феудализам би се одвивал преку повторувањето на материјалот за „Големата преселба на народите и настанувањето на ранофеудалните држави — по примерот на Франската држава", — би требало да се утврди (воочи): — распаѓањето на робовладетелското општество — колонатот; распаѓање на родовското општество (кај врварските народи): за појавата на родовската и воената аристократија, појава на воени дружини; Франки: аристократи — земјопоседници — слободни селани; потоа, за постанокот на државниот апарат по пат на делење на земја на воената дружина и црквата — за улогата на црквата; за Освојувачките походи на Франките и Карло Велики; како и за Феудалната хиерархија — феудалец — закрепостен селанец, земјата како основно богатство, за натуралното стопанство (поим) и сл.

По ваков аналоген начин, секако треба да се набележуваат задачите и да се организира повторувањето и за останатите наставни теми, односно тематски подрачја, како во рамките на наставните содржини што се обработуваат не само во VI-тите, туку и во останатите одделенија на основните училишта. Имено, подготвувајќи се за овие часови наставникот треба да ги постави прашањата што ќе се повторуваат и со каква цел, со што се определува карактерот, обемот и целта и задачите при повторувањето.

Покрај тоа, кога е во прашање анализата на материјалот по историја, во основа, треба да се настојува во проверката на знаењата кај учениците, да се воочува како тие ги сфатиле поимите, процесите сврзани со дадената тема, потоа, како е помнењето на податоците и врз основа на тоа да се врши определено систематизирање на дотичниот наставен материјал.

Исто така, од битно значење е и артикулацијата на наставниот час. Имено како што на часовите за основна обработка на наставниот материјал се придржуваме кон нивните делови: вовед, главен дел и завршен дел на часот, артикулацијата треба да биде присутна и на часовите за повторување, се разбира, сообразена со образовно-воспитната цел на секој таков час, со содржината, природата на истата и др. На пример, сигурно е дека часот ќе го започнеме со најавување на темата што ќе биде предмет на повторувањето. Во соработка со

учениците претходно треба да се определат одредени содржини кои произлегуваат од дадената тема, а со тоа и планот на повторувањето. Поголема ефикасност ќе има ако прашањата сврзани со односните содржини се поставуваат проблемски. На тој начин вниманието на учениците подобро ќе биде насочено кон предвидената цел на часот.

За одредена конкретизација сврзана со овие прашања околу организацијата на ваков час, би ни послужил и примерот на темата „Создавање на првите југословенски држави" во VI одделение. Имено, повторувањето на оваа тема ќе го оствариме на еден час, а преку водење на дијалог по следниве содржини: за областите во кои се населија јужнословенските племиња; за борбите на јужнословенските племиња, односно на племенските сојузи со соседните и други завојувачи; за формирање на првите југословенски држави; и за државното и општественото и државното уредување на првите држави кај нашите народи.

Часовите за тематско повторување обично претставуваат еден вид завршница или заокружување во обработката на одредени наставни содржини, така што овој факт уште повеќе нè задолжува нивната примена да биде присутна во нашата наставна работа.

На крајот од практична гледна точка, корисно е по секој ваков наставен час, наставникот да извршува увид за да ги согледа недостатоците така што врз основа на ваквата самоконтрола и автокритика, со поголем успех да ги остварува своите задачи, да ја усовршува својата наставна работа.

## ЛИТЕРАТУРА:

1. Наставни планови по историја и географија — Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето на СР Македонија.

2. Историја за V одделение од д-р М. Тодоровски и М. Тодоровска.

3. Историја за VI одделение од Ј. Димески и други.

4. Vrbetić, Nastava povijesti u teoriji i praksi, Zagreb; 1968.

5. J. Demarin, Nastava povijesti u osnovnoj školi, Zagreb, 1961.

6. Ј. Демарин, Како провјеравати повијесно знање ученика... „Педагошка стварност", 8, Нови Сад 1960.

7. Д. Лазиħ, Понављање у настави историје, „Педагошка стварност" 1, Нови Сад, 1966.

8. И. Маневски, Значење и организација на тематското повторување на содржините во наставата по историја во основните училишта, „Историја" 1, Скопје, 1980.

9. А. Н. Хмељов, Час понављања, Настава историје у средњој школи, „Просвета", Београд 1948.

10. Зл. Поповиħ, Методика наставе историје, Београд 1971.